**20212564074**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 33 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19 и 92/21), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 9.11.2021 година донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ВИСИНА НА ЕДНОКРАТНИОТ НАДОМЕСТОК И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHZ И 3.X GHZ

I

Најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz се утврдува на износ од:

| **700 MHz** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| A1 | 703-713/758-768 MHz | **2.75 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| A2 | 713-723/768-778 MHz | **5.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| A3 | 723-733/778-788 MHz | **5.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| **3.x GHz** | | | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | |
| B1 | 3.5-3.6 GHz | **1.25 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| B2 | 3.6-3.7 GHz | **2.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| B3 | 3.7-3.8 GHz | **2.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| B41 | 3.4315-3.460 GHz | **11.67 иљади евра** | Регион 1 | Фиксна |
| B44 | 3.4315-3.460 GHz | **5.83 иљади евра** | Регион 4 | Фиксна |
| B45 | 3.4315-3.460 GHz | **5.83 иљади евра** | Регион 5 | Фиксна |
| B46 | 3.4315-3.460 GHz | **6.92 иљади евра** | Регион 6 | Фиксна |

II

Надоместокот од дел I на оваа одлука се плаќа еднократно на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

III

Оваа одлука ќе биде објавена на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации, по нејзиното влегување во сила.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0805-1705/20
9 ноември 2021 година
Скопје

Агенција за електронски комуникации,
Директор,
**Jeton Akiku,** с.р.